# 5 Склучување брак во Швајцарија

**Намена:** За лица кои сакаат да склучат брак во Швајцарија.

**Ве молиме да бидете тука на време. Ако закасните, треба да побарате нов термин.**

**Потребни документи:**
Документите не треба да бидат пратени преку факс или е-маил во Амбасада. Документите мора да ги носите со себе и да ги поднесете кога ке дојдете во претходно одредениот термин. Треба да знаете дека апликацијата со нецелосни документи нема да биде земена предвид. Во овој случај ке треба да закажете нов термин.

emigriko.mk

Партнерот, кој живее во Македонија треба да ги достави овие документи до Швајцарската амбасада:

- ☐ Образец "Барање за подготовка за склучување брак" Овој образец мора да се пополни однапред (БЕЗ датум, БЕЗ потпис);
- ☐ Важечка патна исправа (најмалку со 2 празни страници) + 4 копии;
- ☐ Оригинален извод од матичната книга на родените, издадена во родната држава + 1 копија;
- ☐ Оригинална потврда за живеалиште + 1 копија;

emigriko.mk

- ☐ Оригиналната потврда за било какви промени во матичната книга +1 копија;
- ☐ Граѓански статус „немажена/неженет„ често се опишува во потврда: "Нема податоци"
- ☐ Граѓански статус "разведен/а " често се опишува потврда: "... стапи во брак со... во ..." и бракот со... според Судска одлука... на... е прекинат. "Нема други забелешки„.
- ☐ За лицата кои се разведени: заверена копија од разводот на брак (со забелешка за правосилност на разводот) и извод од книга на венчаните за претходниот брак со забелешка дека тој брак е прекинат + 1 копија;
- ☐ За лицата кои се вдовец/а: извод на матичната книга на умрените за поранешнот сопруг/а издадена од страна на државата каде е смртта регистрирана и оригиналниот извод од матичната книга на венчани, со збелешка дека бракот е прекинат + 1 копии;
- ☐ Во случај на промена на името: Заверена копија на судска одлука од промена на името +1 копија;
- ☐ Во случај да имате заеднички деца: Оригиналниот извод од матичната книга на родените издадена во родната држава каде сто се спомнати двајцата родители + 1 копија;
- ☐ Ако детето е вонбрачно: признавање на татковство (одлука на судот за признавање на татковство во оригинал ) + 1 копија
- ☐ 3 формулари за виза пополнети и потпишани
- ☐ Потврда од страна на Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија дека лицето не е под истрага и од Суд дека не е осудуван: Оригинал + 1 копии
- ☐ 4 слики за пасош
- ☐ 4 копии од пасош на партнерот во Швајцарија + 5 копии од дозволата за престој;
- ☐ Образец "Дополнителни прашања во врска со семејно обединување" потпишан од страна на партнерот кој живее во Швајцарија;

Emigriko.mk

**Сите поднесени документи не треба да бидат постари од 6 месеци и треба да се потврдени со печат "Apostille", од страна на судот од прв степен (ако сертификатот не е меѓународен). Сите документи треба да бидат преведени на еден од службените јазици на Швајцарија.**

Присуство на партнерот со живеалиште во Швајцарија при поднесување на апликацијата не е задолжително.
Партнерот со живеалиште во Швајцарија треба да се обрати кај локалната матична служба за тоа како да постапи во врска со „Барање за издавање на потврда за брак".

Обично, одговорот од Швајцарија доаѓа во рок од **3** месеци **(**без одговорност**).**
Образците се достапни бесплатно на шалтерите на Швајцарската Амбасада**.** Трошоците на процедурата во Приштина се **203.00** евра **(+60** евра тарифа за виза**).**

Заповеќе информации контактирајте не на:
Регионален Конзуларен центар за западен
Балкан с /о Амбасадата на Швајцарија во Косово
улица Adrian Krasniqi 11
10060 Приштина
Косово
Тел. виза: +383 38261261: од 13:30-16:30 часот
E-mail: pri.visa@eda.admin.ch, www.eda.admin.ch/westbalkan

сврти страница./.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Qendra Regjionale Konsullore për Ballkanin Perëndimor
c/o Ambasada Zvicerane në Kosovë**

# Општи информации:

- Апликациите се предаваат само од страна на барателот кој има закажаниот термин
- Апликациите се прифаќаат само со претходно одреден термин
- За дополнителни информации: www.eda.admin.ch/westbalkan
- Одлуките се донесуваат само од страна на кантонските власти или на сојузната влада (во Швајцарија)

emigriko.mk

## Како да се закаже термин:

1. **Закажете термин**: За да закажете термин треба да се јавите во Конзуларни Регионален Центар за западен Балкан на оваа е-маил адреса: pri.visa@eda.admin.ch
2. **Доставување на документи:** Внимателно прочитајте ги упатствата на листата и пополнете ги сите потребни документи. Дојдете во Амбасадата на закажаниот датум во закажаното време на дадениот термин.
3. **Донесување на одлуки:** Одлуката за виза се издава од страна на надлежните органи во Швајцарија. Вашиот партнер во Швајцарија ќе биде информиран писмено. Ве молиме да дојдете во Амбасада со копија од решението кое го добил вашиот партнер во Швајцарија и понесете го вашиот пасош. Контрола на пасошот се врши од Понеделник до Четврток меѓу 08:00 - 10:00. Повеќе информации ќе добиете на шалтер.

emigriko.mk

## Работното време на визна секција:

| | | |
|---|---|---|
| Доставувањето на апликација: | само со термин | понеделник - петок |
| Примање на одговор: | 08:00-10:00 | понеделник - четврток |

emigriko.mk

## Плаќање виза:

€ 80. - за возрасни € 40.- за деца 6 -12 години бесплатно - за деца под 6 години.

- За секоја исплата што ќе ја извршите, се добива **потпишана сметка**.
- Плаќање мора да се изврши во готово во евра (банкноти од 100 евра не се прифаќаат) .
- Плаќањето се врши само во внатрешноста на зградата на амбасадата (објектот кој е во внатрешност на црната ограда)
- Тарифите за Конзуларни услуги се пресметани врз основа на правилник PC 191,11 за тарифно регулирање на дипломатските и конзуларните претставништва на Швајцарија.
- Тарифата во врска со виза апликации се пресметува врз основа на правилникот PC 142 209 за тарифно регулирање според федералниот закон за странци.
- Во зависност од случајот може да се пресметаат дополнителни административни такси.
- Во случај на негативен одговор, уплатените средства не се враќаат

- **Внимание на агенции**
- Ниту еден од лицата кои даваат услуги надвор од црните огради не припаѓа на персоналот на Швајцарската Амбасада
- Швајцарската Амбасада не соработува со ниту една агенција.
- **Персоналот на Швајцарската амбасада нема контакт** со надворешни агенции.
- Швајцарската амбасада е во внатрешноста на црната ограда.
- Швајцарската амбасада овозможува бесплатни формулари.
- Швајцарската амбасада обезбедува бесплатни информации.
- Швајцарската амбасада не препорачува ниту една осигурителна компанија.
- Одлуките се донесуваат од швајцарските власти за миграција (во Швајцарија).

## Имајте предвид дека Амбасадата на Швајцарија:

- Не прифаќа апликации без претходно закажан термин.
- Не прифаќа непотполни апликации (нецелосна документација)
- Не дава информации преку телефон или е-маил во врска со процесот за визи.
- Има право:
  ° да бара дополнителни документи.
  ° да праќа апликации до властите во Швајцарија за да добие одлука или одобрение.
  ° да ги повика апликантите на интервју.
  ° да го промени овој правилилник без претходна најава.



Adresse: Adrian Krasniqi Str. 11 - 10060 Pristina
Tel. Visa: +383 38 261 261: 13h30 – 16h30
Email: pri.visa@eda.admin.ch ; www.eda.admin.ch/westbalkan